

Синоќа (29.08.) на градскиот плоштад во Неготино заврши 12-тото по ред издание на турнирот во улична кошарка “Streetball” кое оваа година изобилуваше со квалитетна кошарка и неизвесни натпревари. Во финалниот напревар се сретнаа двете најдобри екипи, односно екипите на “Рекет” од Кавадарци и “Дружината на Вацко” од Кочани, кои во исклучително интересен и возбудлив натпревар прикажаа одлична кошарка и ги задоволија вкусовите на многубројните гледачи.
Победник на 12 – тото издание на овој спортски настан е екипата на “Рекет” од Кавадарци, второто место го освои екипата на “Дружината на Вацко” од Кочани, а третото место и припадна на домашната екипа “Мерцедес”.







